*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 88 | Година XVI | мај - јули 2021 г. | **Весник на Општина Аеродром**



# СОДРЖИНА

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015


АКТУЕЛНО ....................................................................3

ЕКОЛОГИЈА ........................................................ 4 - 13

УРБАН ЖИВОТ .................................................. 14 - 15

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................ 16 - 21

СПОРТ ............................................................. 22 - 27

КУЛТУРА .......................................................... 28 - 29

РУРАЛЕН РАЗВОЈ ................................................ 30

ИНФО.................................................................... 31



Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Гордана АЦЕСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Елена БАКРАЧЕСКА-ПОПОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Гордана Ацеска

**Дизајн**
Печатница Серафимовски ДОО Скопје

**Фоторепортер**
Бојан Тренчевски

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Печатница Серафимовски ДОО Скопје

тираж 30.000 примероци



телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје



# ОПШТИНА АЕРОДРОМ РАЗВИВА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ВО РЕГИОНОТ

Претставници на Општина Аеродром посетија неколку градови во Западен Балкан и воспоставија контакти и меѓуопштинска соработка со низа општини од повеќе држави во регионот.

Спроведувајќи европски начин на дипломатија, остварени беа средби со високите раководства на следниве општини:

- Елези Хан (Косово) - реализација на ЕУ-проектот за меѓугранична соработка;
- Шенгин (Албанија) - размена на културни вредности;
- Подгорица (Црна Гора) - промоција на едукативни проекти;
- Мостар, Сараево (БиХ)
- Чаетина - Златибор (Србија) – можности за разработка на европски проекти за туризам и руралeн развој;
- Ниш - Палилула (Србија) - збратимени градови со мултифункционални заемни активности и неограничени можности за идна сестрана соработка.

„Со оваа иницијатива, Општина Аеродром ја промовираше својата одлучност да прерасне во лидер во регионот, кој несебично ќе ги разменува идеите и иницијативите за инкорпорирање европски проекти, вредности и стандарди согласно со Стратегијата за локален економски развој. Европското знаменце не е само привилегија, туку и обврска за размена на европските вредности, ставови и проекти во регионот, посочува Александар Ѓорѓиевски, раководител на Секторот за работи на градоначалникот Златко Марин.

Сите општини од регионот со кои се воспостави оваа соработка изразија желба за интензивна размена на искуства, знаења, проекти и можности за меѓународна општинска соработка и европски начин на работа.

Инаку, почетната иницијатива беше базирана врз несебични вложувања на општините во спортот и кошаркарски клубови што учествуваат во регионалната АБА-лига.



# ЈА НАДМИНАВМЕ БРОЈКАТА



## ЗАСАДЕНИ БРЕЗИ ВО АЕРОДРОМ



Општина Аеродром и Дирекцијата за заштита и спасување спроведоа заедничка акција на засадување дрвја, главно од видот брези, во рамките на кампањата „Недела на Дирекцијата за заштита и спасување", а по повод 16-тиот роденден на Дирекцијата.

На оваа активност се вклучи претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска, како и вработени во Дирекцијата.

„Зазеленувањето на просторот е долгорочна мерка за зачувување на животната средина, а целта е да се подигне свеста меѓу граѓаните за последиците од аерозагадувањето", изјави претседателката на Советот, Ивана Цветковска.

Засадувањето се одвиваше на три локации –во кругот на Дирекцијата, просторот кај кружниот тек во близина на поликлиниката „Јане Сандански" и во Ново Лисиче, покрај булеварот„АСНОМ".

# ОД 15.000 НОВИ САДНИЦИ



## ЗА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - 350 САДНИЦИ

По повод Светскиот ден на животната средина, засадивме нови 350 садници со висока и ниска вегетација во паркот покрај улицата „Методија Шатоpов-Шарло“ во Стар Аеродром, со што ја надминавме бројката од 15.000 садници засадени на територијата на Општина Аеродром.



## ВО ДВОРОТ НА „ЉУБЕН ЛАПЕ“ 200 САДНИЦИ

Нови 200 садници се засадени во дворот на ООУ „Љубен Лапе“ во Општина Аеродром.

Садниците се поставени во вид на жива ограда во должина од 160 метри, која покрај естетска, има и еколошка функција. Оградата се граничи со улицата „Васко Карангелески“, како и во делот покрај паркингот на училиштето.



# ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДЕНА СТАРАТА ФОНТАНА ЗАД ТЦ „БИСЕР“

Некогашната фонтана во близина на ТЦ „Бисер“, стара 12 години, по барање на граѓаните доби сосема нов лик и прерасна во прекрасно катче хортикултурно уредено со најразлични цвеќиња и зимзелени дрвја.

Денес таа претставува вистинско зелено катче каде што граѓаните можат да уживаат во летните денови. Општина Аеродром останува посветена на создавање нови зелени површини и хортикултурно уредени катчиња. Вложувањето во животната средина е трајна придобивка на сите сегашни и идни генерации.



# НОВ УРБАН ПАРК ВО АЕРОДРОМ „9 МАЈ“

Приврјшува хортикултурното уредување на урбаниот парк „9 Мај“, кој почна да се гради по повод Денот на Европа.

Паркот се гради според сите современи стандарди, а со цел да ги задоволи потребите на граѓаните и нивното урбано живеење. Паркот е наменет за сите генерации и претставува совршено место за одмор и релаксација на аеродромци. Во рамките на овој урбан парк има спортско и детско игралиште, патеки, клупи за одмор, како и убаво хортикултурно уредување, кое ќе внесе посебна свежина.

„Горди сме што ги практикуваме европските вредности и работиме на подобрување на еколошките стандарди, урбаното живеење и поквалитетниот начин на живот на граѓаните“, изјави градоначалникот Златко Марин. Тој додаде дека е среќен што едно напуштено место полека се претвора во прекрасно уреден парк.

Општина Аеродром продолжува со уредување на јавниот простор. Садењето и грижата за дрвјата и зеленилото е задача на сите нас.







# ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ ПОД МОТОТО „УЛИЦИ ЗА ЛУЃЕ“

На 30 мај беше организиран Ден без автомобили под мотото „Улици за луѓе“. За таа цел, улицата „Васко Карангелески“ во Аеродром беше затворена за автомобилски сообраќај вкупно 12 часа, во периодот од 8 до 20 часот. На потегот од булеварот „Јане Сандански“ до раскрсницата со улицата „Владимир Комаров“ се случуваа различни културни активности за возрасните, но и за најмладите.

Организирањето на ваков ден без автомобили беше одличен повод за промоција на политиките за креирање одржлив сообраќаен систем, но и можност граѓаните активно да се вклучат и да ги почувствуваат придобивките од хуманизацијата на урбаниот простор.

Ваквите активности, како што нагласија од Град Скопје, кој воедно беше и организатор на настанот, одат во прилог на зацртаната цел Скопје да се стекне со титулата „зелена престолнина во Европа“. Таму, токму одржливата урбана мобилност е еден од дванаесетте критериуми и особено е нагласено дека Градот треба да се стреми кон преполовување на употребата на автомобили со конвенционални фосилни горива до 2030 година.

Деновите без автомобили се едни од главните промотори на одржливиот транспорт, а ова е докажано низ многу примери во Европа и во светот.




# ДОДЕЛУВАМЕ СУБВЕН ЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Општина Аеродром објави оглас во кој ги повика граѓаните да аплицираат за субвенции за велосипеди.

Повикот се реализира по принципот „прв дојден, прв услужен“ за надоместок за велосипед за поврат на средствата во износ од 50 отсто од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари, со вклучен персонален данок на доход.

„Целта на овој проект е да ги поттикнеме граѓаните што помасовно да го користат велосипедот како превозно средство, што ќе овозможи да се растовари сообраќајниот метеж, но и да придонесеме за почист воздух и поздрава животна средина“, изјави градоначалникот Златко Марин.

# АЕРОДРОМЦИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПРОЕКТОТ „ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ“

Проектот за енергетска ефикасност „Замени“ во рамките на Стратегиската платформа за локален економски развој на Општина Аеродром, наиде на голем интерес меѓу граѓаните на општината.

Имено, по завршувањето на јавниот повик, во Општината стигнаа вкупно 45 апликации за станбени згради.

Субвенционирано менување на ПВЦ-прозорци и врати, обнова на фасади, реконструкција на кровови, набавка на нови елеватори и воведување СМАРТ-системи за користење заедничка електрична енергија беа меѓу опциите што жителите на општината можеа да ги одберат и да ја подобрат енергетската ефикасност на своите живеалишта, а Општината учествува со одреден процент.

Наскоро ќе се формира комисија, која ќе ги разгледа барањата, по што ќе следува реализација на одбраните апликации.

„Општина Аеродром го почна циклусот на континуирано инвестирање, со цел да сенамали загадувањето и да се заштити животната средина. Следејќи ги светските трендови, и во наредниот период ќе промовираме слични програми што ќе овозможат поекономични услови за живеење на жителите на Аеродром“, изјави градоначалникот Златко Марин.



# ДВА НОВИ ЗЕЛЕНИ СКВЕРА



Неодамна официјално беа отворени двата нови зелени сквера што се наоѓаат од двете страни на раскрсницата меѓу булеварот „Јане Сандански“ и улицата „Владимир Комаров“.

Овие претходно запуштени јавни површини прерасная во прекрасен простор уреден со модерни летниковци, зеленило, клупи, патеки и нови фонтани за вода.

На граѓаните на Аеродром, во соработка со Град Скопје, им обезбедуваме одлични места каде што ќе можат да ги поминуваат слободните часови и да уживаат во летниот период.





# МАСОВНА АКЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ЗА ЧИСТЕЊЕ



Вработените во администрацијата на Општина Аеродром учествуваа во масовната акција за чистење по повод 5 Јуни, Денот на животната средина.
Во акцијата беа вклучени и работниците задолжени за одржување на хигиената во општината, а беше опфатен регионот околу Реонски центар.
Целта на оваа масовна акција беше да се подигне јавната свест за здрава животната средина.






# АЕРОДРОМ ЈА ДОБИ ПРВАТА СТАНИЦА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Општина Аеродром ја доби првата станица за собирање кабаст отпад, која е лоцирана на булевар „АСНОМ“, односно во непосредна близина на поранешната слаткарница „Стела“.

Станува збор за ограден и заштитен простор каде што граѓаните ќе можат во секое време бесплатно да го оставаат својот стар мебел и дотраена бела техника. Ова е прва станица од ваков тип во Општина Аеродром, а во блиска иднина се планира поставување на вакви оградени простори на повеќе локации на ниво на целата територија.

„Следејќи ги европските примери, сакаме да им излеземе во пресрет на граѓаните што имаат потреба да се ослободат од старите предмети од домаќинствата, а притоа тоа да биде бесплатно и во близина на нивните домови“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Станува збор за проект што се реализира во рамките на новиот и европски интерактивен пристап за одржување на јавната хигиена што го воведува Општина Аеродром.

## АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Општина Аеродром и ЈП „Комунална хигиена“ организираа акција за собирање кабаст отпад на територијата на Општина Аеродром. Контејнери беа поставени на четири локации од 18 до 22 мај.

Граѓаните можеа да го оставаат својот стар мебел и отпад од електронска и електрична опрема на следниве локации:

- Јане Сандански (АСНОМ бр. 68)
- Стар Аеродром:
  - „Коста Новаковиќ“ бр. 48
  - „Владимир Комаров“ бр. 29
- Ново Лисиче:
  - „Видое Смилевски-Бато“ бр. 19
  - АСНОМ бр. 5 – кај „Рамстор“

# ПОТПИШАН КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР СО ЧЛЕНОВИТЕ НА УПОЗ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, потпиша колективен договор со претседателот на Синдикалната организација – Аеродром, Славе Еленовски, и со претседателот на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓаните на Република Северна Македонија – УПОЗ, Пецо Грујовски.

Од овој договор корист ќе имаат вработените во Општината, кои се членови на УПОЗ.

„Се залагаме за еднаков и праведен третман на сите работници, како и за подобрување на условите во кои работат тие. Почитувањето на работничките права е императив за сите нас“, изјави градоначалникот Марин.

Со колективниот договор, кој е потпишан врз основа на претходно потпишаниот договор меѓу Владата на РСМ и УПОЗ, се регулираат правата и обврските на двете страни, се утврдуваат критериумите за годишен одмор, платени и неплатени отсуства, платите, надоместоците на плати и други примања, додаток на плата. Исто така, овој договор го регулира и правото за службени патувања, регресот за годишен одмор, правата за јубилејни награди, информирањето на вработените, а се пропишани и условите за слободно дејствување и условите за работење на синдикалната организација на општината.

## ПРОСТОРОТ ЗАД ТЦ „БИСЕР“ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ЛИК




Советот на Општина Аеродром го изгласа ребалансот на буџетот за 2021 година, со кој се пренаменија средства за проекти од интерес на граѓаните на Аеродром.

Имено, и оваа година, во насока на заштита на животната средина, за жителите на Аеродром се обезбедени средства за субвенции за велосипеди. Исто така, Општината ќе доделува еднократна парична награда за најдобар ученик на генерацијата од секое основно училиште во Општина Аеродром за учебната 2020/2021 година.

Преку ребалансот се издвоени средства за уредување на просторот зад ТЦ „Бисер“, кој ќе прерасне во современ сквер со повеќе содржини. Исто така, овозможени се и средства за изградба на управна општинска зграда, за која неодамна беше избрано идејно решение.



# НОВИ ДЕТСКИ И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО АЕРОДРОМ

Општина Аеродром продолжува со изградба на нови детски и спортски игралишта на повеќе локации низ општината.

Деновиве приврши изградбата на детското игралиште на булевар „Србија", во близина на бензинската станица „Лукоил".

Наскоро ново детско игралиште ќе се гради во Ново Лисиче на Детската улица „Тоше Проески" зад црквата, потоа во Стар Аеродром кај трите кули, а во близина на ТЦ „Бисер" ќе се реконструира детското игралиште.

Неодамна во ООУ „Гоце Делчев" во Горно Лисиче беше реконструирано спортското игралиште, а кај „Ентернет" се обновија и детското и спортското игралиште, а на бул. „Јане Сандански" зад општинската зграда детското игралиште доби нов лик.

„Продолжуваме да инвестираме во подобри услови за најмладитеза безгрижна и безбедна детска игра. За спортистите обезбедивме висококвалитетни спортски терени со мултифункционални подови со врвен квалитет наменети за безбеден спорт и рекреација. Аеродром е препознатлива општина по тоа", изјави градоначалникот Марин.



# СЕ ГРАДИ НОВ ОБЈЕКТ НА ДЕТСКАТА



Премиерот Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска, градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, како и претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска, извршија увид во градежните активности при изградбата на новиот објект „Црвенкапа" во рамките на детската градинка „Срничка" во Стар Аеродром, со капацитет за згрижување од 200 деца.

Новата зграда ќе биде поврзана со веќе постојниот објект и ќе има површина од 1 700 квадратни метри. Проектот предвидува изградба на осум занимални, посебни простории, кујна и санитарни јазли.

„Оваа градинка е од исклучително значење за населението на овој дел од Аеродром. Тука има нови згради со млади семејства, кои бараат место повеќе во градинките. Се радувам што во скоро време дечињата од овој дел ќе добијат нова и современа градинка", изјави градоначалникот Марин.

„Општина Аеродром е фокусирана на обезбедување беспрекорни услови за раст и развој на нашите најмлади жители", додаде градоначалникот Марин. Пред две години беше пуштен во употреба новиот објект на детската градинка „Буба Мара" изграден според сите современи стандарди и со капацитет за згрижување од 200 деца, а неодамна за првпат беше целосно реконструирана кујната на градинката „Буба Мара" во населба Лисиче. Континуирано работиме на одржување и реновирање на објектите на детските градинки на ниво на целата територија на Општина Аеродром.

„Упатувам честитки до градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин и до Советот

# ГРАДИНКА „ЦРВЕН КАПА“ ВО СТАР АЕРОДРОМ



на Општината за овој капитален проект, а особено за грижата што ја покажуваат безрезервно поддржувајќи ги сите проекти што се однесуваат на реконструкција на градинките“, изјави премиерот Заев.

Министерката Шахпаска објасни дека во новата градинка ќе биде обезбеден престој, нега, исхрана, воспитно-образовни и други забавни активности со европски и светски стандарди конкретно на 170 деца на возраст од 2 до 6 години и 30 деца - бебиња на возраст од нула (0) до 2-годишна возраст. Таа му посака на градоначалникот реализација на уште вакви нови капитални проекти.






# ИЗГРАДБАТА НА ООУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“ВО ЗАВРШНА ФАЗА



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска, неодамна извршија увид во градежните работи на новиот објект на училиштето „Димитар Македонски“ во населбата Лисиче и во разговор со директорката на училиштето, Јулијана Тодоровска, констатираа дека тие се одвиваат според предвидената динамика и се наоѓаат во завршна фаза.

„Привршува изградбата на новиот објект, кој е од витално значење за учениците од овој дел на општината. Се радувам што населбата Лисиче, конечно, по речиси 60 години ќе добие сосема нова и современа зграда“, изјави градоначалникот Марин. Еден од главните приоритети на Општина Аеродром е создавање квалитетни услови за образование на нашите ученици, бидејќи тие се нашата иднина, додаде градоначалникот.

Инаку, новото училиште е со површина од 2 840 квадратни метри и со капацитет од 700 ученици организирани во две смени. Ќе биде опремено со најсовремени кабинети, простории за дневен престој, кујна и простории за наставниците. Според интензитетот на изградбата, се очекува од септември учениците да учат во целосно новиот објект.







# СЕ РЕКОНСТРУИРА „ЧЕКОРЧЕ“

Деновиве во објектот „Чекорче“ на градинката „Срничка“ во Аеродром се изведуваат активности со кои се врши надворешна реконструкција на објектот, односно се обновува фасадата, која ги задоволува сите стандарди на енергетска ефикасност.

Наш приоритет како општина е да обезбедиме подобри и попријатни услови за престој на децата во градинките. Со овие зафати, објектите во Аеродром со право го носат епитетот на современи функционални градинки.



# ОБНОВЕНА КУЈНАТА ВО „ПЧЕЛКА 2“

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателката на Советот, Ивана Цветковска, извршија увид во целосно реконструираната кујна во објектот „Пчелка 2“ на градинката „Буба Мара“ во населбата Лисиче.

Ова е прва реконструкција на кујната од изградбата на објектот во 1980 година. Обезбедувањето квалитетни услови за нивни безбеден раст и развој остануваат наш врвен приоритет.

# БЕЛЧОВСКИ, ДИМИШКОВСКА И ГОРЧЕСКА ПОБЕДНИЦИ НА ЛИКОВНИОТ КОНКУРС









По повод Денот на Европа, 9 Мај, Општина Аеродром и со Европското движење го организираа традиционалниот ликовен конкурс.

„Нашите жители заслужуваат да бидат и се лидери во практикувањето на европските вредности, а доказ за тоа се нашите најмлади граѓани, кои неуморно секоја година ни сликаат прекрасни цртежи со европски мотиви", изјави градоначалникот Марин.

За претседателката на Европското движење, Милева Ѓуревска, Аеродром е најурбаната општина во Скопје со најмногу паркови и одлична зелена агенда.

„Аеродром треба да продолжи со уредување на јавниот простор, кој е многу важен за негување на европските вредности, но и за сите нас. Садењето и грижата за дрвјата и зеленилото е задача и на Општината, но и на сите граѓани. Ви посакувам да имате што повеќе насадени дрвца - за секој жител по едно дрво", изјави Ѓуровска.

Во врска со ликовниот конкурс, таа истакна дека е тоа нешто што ги поврзува Општина Аеродром и Европското движење со години и се заблагодари за поддршката што несебично ја дава градоначалникот, но пред сè, на дечињата, кои со својата креативност му даваат душа на овој традиционален настан.

Победниците на ликовниот конкурс на кој децата од двете детски градинки и учениците од осумте основни училишта во Општина Аеродром цртаа на тема: „Европското знаме на мојата општина" по повод 9 Мај, Денот на Европа, добија признанија и парични награди. За најдобра ликовна творба во категоријата од предучилишна возраст е избран цртежот на ДАРЈАН БЕЛЧОВСКИ од детската градинка „Срничка", објект „Чекорче". Во категоријата од одделенска настава за најдобар е избран цртежот на ИВА ДИМИШКОВСКА од II1 од ОУ „Гоце Делчев", а деветтоодделенката МИА ГОРЧЕСКА од IX4 од ООУ „Ѓорѓија Пулевски" е избрана за најдобра во категоријата од предметна настава.

## УСПЕШНО ЗАВРШИЈА ПРОЕКТИТЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА И ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА ВО АЕРОДРОМ

Претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска, им додели потврди на лицата ангажирани во процесот на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основните училишта од Аеродром. За оваа намена општината издвои 1 200 000 денари од својот буџет за ангажирање 15 образовни асистенти.

Исто така, им беа доделени потврди и на лицата што беа ангажирани преку проектот за општинско-корисна работа во 2020 во соработка со УНДП и Агенцијата за вработување за проектот „Социјални услуги за еднакви можности за сите генерации". Во проектот беа вклучени 4 образовни асистенти во основните училишта и 5 помагатели на стари лица во домашни услови.

„Општина Аеродром и ние како Совет безрезервно ги поддржуваме сите проекти за инклузија и социјална поддршка на сите лица на кои им е потребно тоа. Остануваме посветени на грижата за сите, а особено на најранливите категории граѓани", изјави претседателката Цветковска.



# ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРВАЧИЊАТА




Општина Аеродром и оваа година доделува еднократна парична помош на семејствата со прваче во висина од 3 500 денари, за што издвои 3 100 000 денари.

„Целта на овој проект е да им ги олесниме трошоците на родителите за новиот ученик во семејството", изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Родителите на првачињата запишани во едно од училиштата на територијата на Општината можат да поднесат барање за еднократната парична помош до архивата на Општина Аеродром до 30.9.2021 година.

Образецот за барањето за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче во учебната 2021/2022 година на подрачјето на Општина Аеродром може да се подигне во Општината или да се преземе од општинската интернет-страница (www.aerodrom.gov.mk) во менито за формулари или директно на линкот: http://aerodrom.gov.mk/dokumenti/formulari, каде што се наведени потребните документи за аплицирање.



# ОТВОРЕНО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ ВО АЕРОДРОМ

Неодамна беше отворено инклузивно игралиште во основното училиште „Лазо Ангеловски" во Општина Аеродром како донација од компанијата ОКТА, во соработка со фондацијата „Чекор по чекор".

Игралиштето нуди пристап и за децата со попреченост, со што се поттикнува нивна поголема инклузивност во наставата и во слободните активности.

„Ние како институција максимално се залагаме за инклузивно образование. Работиме во насока на градење еднакви услови за образование за сите деца да имаат еднаков пристап до училиштата, детските и спортските игралишта. Со ваква заедничка соработка меѓу граѓанскиот сектор, бизнис-заедницата и државните институции можеме уште повеќе да ги подобриме условите за нашите ученици и да создадеме подобар свет за сите", изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Покрај тоа, со поддршка на проектот „Биди ИН", ќе се гради и отворено инклузивно игралиште во основното училиште „Љубен Лапе", како и две сензорни училници во училиштата „Ѓорѓија Пулевски" и „Блаже Конески".

„ОКТА како општествено одговорна компанија со задоволство се вклучи во овој проект за подобрување на условите за едукација и рекреација на сите деца. Свесни сме дека подобра иднина е можна само доколку сите заедно учествуваме во нејзината изградба. За нас е важно да бидеме дел од напредокот, особено кога станува збор за најмладите. Децата со попреченост заслужуваат можности со кои полесно ќе се интегрираат во образованието и во заедницата", изјави главниот извршен директор на ОКТА, Вук Радовиќ.

Општина Аеродром во континуитет работи на подобрување на условите во училиштата, со посебен акцент на децата со попреченост, создавајќи услови за што поголема инклузија на овие ученици и нивно поврзување со врсниците.

# ОТВОРЕНО ОДБОЈКАРСКО ИГРАЛИШТЕ НА ПЕСОК ВО АЕРОДРОМ



Општина Аеродром доби ново одбојкарско игралиште на песок на кејот на Вардар кај мостот „Близнак“.

Игралиштето свечено го отворија градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, и градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин. Тие истовремено им ги доделија и наградите на победничките тимови што настапија на првиот турнир „Аеродром опен 2021“.

Игралиштето е со должина од 25 метри и широчина од 16 метри и ги исполнува сите неопходни стандарди на домашно и меѓународно ниво.

„Игралиштето, пред сѐ, е наменето за спорт и рекреација на сите заинтересирани граѓани, ученици, студенти и спортисти, кои ќе можат бесплатно да спортуваат, да се рекреираат и да се дружат. Покрај теренот за одбојка, има и трибина за публика и осветлување за ноќно играње. И натаму ќе продолжиме да вложуваме и да го негуваме спортот и здравиот дух кај граѓаните, зашто сметаме дека спортот е една од главните клетки на секое општество“, изјави градоначалникот Марин.

Општина Аеродром на годишно ниво издвојува околу 500 илјади евра за поддршка на олимписките спортови, како што се кошарката, фудбалот, ракометот, каратето. Исто така, општината обезбеди и бесплатни часови по пливање на децата со посебни потреби, а континуирано го помага и кик-боксот, кој во изминатите години е многу актуелен спорт кај нас. Сите училишта од општината добија нова спортска опрема и реквизити, кои цели 30 години не биле обновени, обезбеди спортски дресови за учениците, ги реновира спортските сали, а дел од отворените спортски игралишта ги обложи со ергономска подлога, која е од исклучителна важност за безбедно спортување, како за младите, така и за возрасните.



# ОПШТИНА АЕРОДРОМ БЕСПЛАТНО ИЗНАЈМУВА ВЕЛОСИПЕДИ



Од неодамна граѓаните можат бесплатно да изнајмат велосипед од Општина Аеродром во периодот од 8до 16 часот секој работен ден. За таа цел, општината стави на располагање 10 велосипеди пред општинската зграда, кои можат да се подигнат со оставање лични податоци и телефон за контакт на пријавницата.

„Со бесплатното изнајмување велосипеди за граѓаните, како и со повеќегодишното субвенционирање за набавка на велосипеди, сакаме да поттикнеме здрави навики кај нашите жители и да ја заштитиме животната средина", изјави градоначалникот Златко Марин.

Раководителот на Секторот за економски прашања, зајакнување на институциите и прекугранична соработка на Делегацијата на ЕУ во РСМ, ФредерикЈанмат, кој ја посети Општина Аеродром, оцени дека станува збор за одличен проект, со оглед на тоа што доаѓа од Холандија, каде што велосипедите се култура на живеење.



# АЕРОДРОМЦИ НАВИВААТ ЗА ВАС!






Општина Аеродром организираше пренос во живо од Европското првенство во фудбал во паркот „Нирнберг“ во Ново Лисиче и можност за групно следење на натпреварите од ЕУРО 2020 пред голем број посетители, кои заеднички и еуфорично ги проследија натпреварите на нашите фудбалери на годинешното Европско првенство.

Првиот пренос беше на 13 јуни кога Македонската репрезентација играше против Австрија во Букурешт. Натпреварите беа пренесувани на голем екран, а еден час пред настапите на нашите репрезентативци имаше организирана програма со водител и гости.

Инаку, преносот на натпреварите се организираше секоја вечер од сите натпревари, односно сè додека траеше учеството на нашата репрезентација.

Овој настан се организираше во согласност со сите протоколи и присутните беа замолени да ги почитуваат пропишаните мерки за заштита од КОВИД-19.








Причина плус за следење на фудбалскиот натпревар со Холандија беше тоа што капитенот Горан Пандев, кој остави огромна трага во македонската фудбалска историја, најави дека тоа ќе биде и негов последен настап во дресот на Македонската репрезентација.

# СЕ ОДРЖА 46-ТИОТ „ЛОРД КАРАТЕ КУП 2021“



На 22 мај по 46-ти пат без публика се одржа натпреварот „Лорд куп“, продолжувајќи ја традицијата да живее карате-спортот во нашата општина.

Ова е втора година како оваа традиција се одржува под исклучителни околности. Светската пандемија направи пустош на стопанствата, а неизоставно беше да претрпи и спортот, а особено малите и индивидуалните спортови, како што е каратето.

Шеесетината натпеварувачи храбро ја демонстрираа својата техника како претставници на осум клуба од Македонија за освојување на еден од осумте карате-оскари.

# СЕРТИФИКАТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРОЕКТОТ „ИНТЕГРИРАНО ПЛИВАЊЕ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ“



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, им додели 35 сертификати на учениците што беа дел од проектот „Интегрирано пливање за децата со попреченост од основните училишта“.

Аеродром е прва општина што го воведе овој проект за помош и поддршка на ученици со посебни образовни потреби на возраст од прво до трето одделение, а со кој им се овозможија пливачки активности, но и дружење и социјализација во време на пандемија.

„Ми претставува огромна чест и задоволство што денеска им доделив сертификати на учениците што беа дел од овој проект. Наша мисија е да создаваме подобри услови за здрав и безбеден развој на нашите деца“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Тој изрази и голема благодарност до професорот Иван Анастасовски и неговиот тим, кои го водеа проектот, како и до родителите што секогаш беа присутни и ги бодреа своите деца, кои постигнаа голем напредок.





# МЗТ СКОПЈЕ – АЕРОДРОМ ПО ОСМИ ПАТ ШАМПИОН НА МАКЕДОНИЈА




Доминацијата продолжува! Кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје – Аеродром, кој е во сопственост на Општина Аеродром, и годинава, по осми пат, стана шампион на Македонија.

Им честитаме на кошаркарите и менаџментот на клубот за освоената осма титула! Нивната посветена работа, тимски и натпреварувачки дух го поставија тимот на МЗТ на пиедесталот на македонската кошарка.

Општина Аеродром континуирано инвестира во спортот и тој тренд ќе продолжи да го негува во иднина. Лидерските постигнувања на клубот претставуваат двигател на нашата платформа за здрав и спортски живот.







# ШАМПИОНИТЕ НА МЗТ ВО ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МАРИН



Шампионите на Кошаркарскиот клуб МЗТ Скопје – Аеродром претставувани од капитенот Дамјан Стојановски, Кристијан Николов и спортскиот директор Тони Грнчаров ја посетија Општина Аеродром.

Повод на посетата беше освојувањето на двојната круна во Кошаркарското првенство и Купот на Македонија.

„Им честитам на нашите храбри момци за освоената титула. Општина Аеродром и во иднина безрезервно ќе ги поддржува нивните подвизи и ќе вложува во развој на сите спортови“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Како знак на благодарност капитенот Дамјан Стојановски му подари дрес на градоначалникот Марин.

# „ТРОЈКА ЗА МЗТ“ – АЈДЕ НА ПО ЕДЕН БАСКЕТ ВО МААЛО!




Општина Аеродром организира турнир во баскет насловен како „Тројка за МЗТ“.

Првиот натпревар се одигра на 3 јули во Спортскиот центар „Ново Лисиче“.

Инаку, сите турнири ќе се одржуваат според правилата на ФИБА за игра 3 х 3 на реконструираните спортски игралишта на отворено на ниво на целата територија на Општината, каде што се поставени нови современи кошеви и современа ергономска подлога. Победниците, покрај парични награди, ќе добијат и шанса да бидат дел од МЗТ (втора екипа).

Проектот е во организација на „3x3 Macedonia“, заедно со Кошаркарската федерација на Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Општина Аеродром.

„Општина Аеродром продолжува уште позасилено да ги поддржува успесите на МЗТ Скопје Аеродром. Но главната цел на овој проект, меѓу другото, е развој на спортскиот и натпреварувачки дух меѓу жителите на Аеродром, како и поттикнување на маалските дружења во летните денови“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Спортот е приоритет на Општина Аеродром, која е препознаена како една од најспортските општина во земјава. Општината редовно вложува финансиски средства за поддршка на различните спортови, како и во изградба на модерни спортски игралишта по сите современи стандарди за безбедна игра и спорт на сите генерации.

# АЕРОДРОМЦИ УЧЕА ЗА САМОДОВЕРБА И УЖИВАА ВО МУЗИЧКИ ХЕПЕНИНГ ВО ПАРКОТ НА СВЕТЛИНАТА




Голем број аеродромци присуствуваа на јавниот настан „Самодоверба, комуникација, мотивација“ што се одржа во Паркот на светлината.

Настанот почна со промоција на публикацијата „Невербална комуникација“, по што обраќања имаа претседателката на ЕУ Институт Скопје, Верица Пандиловска, како и претседателот на Европски институт за менаџмент, право и дипломатија, Зендел Абедин Шехи.

Благодарности им беа доделени на секретарот на Општина Аеродром, Марица Ѓурческа, како и на други претставници од Општината за безрезервната поддршка на проектот и за неговата реализација.

Овој настан на отворено успеа да ја спои едукацијата со забавата, а со цел постпандемиска поддршка на граѓанскиот сектор, преку модел на директно граѓанско учество во Општина Аеродром, како и изградба на капацитетите за подобар живот на граѓаните и нивно разбирање со цел успешно функционирање во заедницата.

Во текот на целиот настан траеше хуманитарна акција за собирање донации за жртвите на семејно насилство што живеат на територијата на општината. Собраните средства транспарентно ќе бидат распределени онаму каде што се најмногу потребни.

Аеродромци потоа уживаа во музичките настапи на Бени Шаќири, Кристина Димитриевска, Верица Пандиловска, Ибуш Ибраимоски и Амир Ибраимоски.



# БЛАГОДАРНИЦА ОД АНСАМБЛОТ „ФОЛКЛОРНИ БИСЕРИ“

Членови на ансамблот за народни песни и ора „Фолклорни бисери“ му доделија благодарница на градоначалникот Златко Марин во знак на благодарност за финансиската помош во програмата за поддршка и развој на културата во Општина Аеродром.

Го негуваме фолклорот и неговите вредности и ја поддржуваме традицијата.

# ОДБЕЛЕЖАНА 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ




„Јазикот што го кодификуваше Блаже Конески ни овозможува сега да се разбереме, да ги истакнеме нашите чувства и да упатиме јасни пораки кон сите во светот. Современиот македонски јазик ни овозможи да кажеме дека сме подготвени да живееме во Европа, но и тоа дека нашата татковина ќе биде уште една ѕвезда на европското знаме“.

Со овие зборови претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска, ја отвори централната манифестација за одбележување на 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески што се одржа во паркот „Јане Сандански“ во Општина Аеродром, под наслов „Ние за Баже Конески“, во организација на Општина Аеродром и на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“.

Покрај домаќините на настанот, претседателката на Советот, Цветковска, и секретарот на Фондацијата „Небрегово“, Атанас Конески, на чествувањето за кодификаторот на современиот македонски јазик Блаже Конески присуствуваше и градоначалникот на Прилеп, Илија Јованоски, како и директорите и ученици од основните училишта што го носат името на големиот деец, Блаже Конески, од општините Аеродром, Прилеп, Велес и Маврово и Ростуше. Тие со читање на свои литературни творби го збогатија чествувањето за великанот и доајен на македонската литература.

Секретарот на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, Атанас Конески, истакна дека мислата на Конески дека „јазикот е единствена наша конкретна татковина“ е аманет за сите генерации.

„Македонскиот јазик е аксиома, непобитна вистина и не смее да се доведува во прашање неговиот опстој и неговата иднина“, рече тој.




## ОДБЕЛЕЖАНА ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ЈАНЕ САНДАНСКИ



На 18 мај се навршија 149 години од раѓањето на истакнатиот македонски револуционер Јане Сандански. По тој повод, делегација на Општина Аеродром положи цвеќе пред споменикот „Јане Сандански“ во истоимената населба. Во одбележувањето се приклучија претставници од Советот на Општината предводени од претседателката Ивана Цветковска, директори од основните училишта и градинките, како и пензионери од здружението „Солидарност – Аеродром“. Идеалите и заложбите на големиот македонски визионер се заедничка обврска за единство и сплотеност на сите наши граѓани.

# ИЗРАБОТЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ДОЛНО ЛИСИЧЕ



Работната група за рурален развој финишираше со изработка на Стратегијата за рурален развој на Долно Лисиче како дел од Стратегиската платформа за локален економски развој на Општина Аеродром.

Во неа се инкорпорирани низа проекти и перспективи за развојот на руралниот дел на општината, со интензивна можност за користење на ИПАРД и другите европски и светски фондови што го поддржуваат руралниот развој.

Наскоро, во најкус можен рок, во соработка со ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се очекува отворањето на првата подрачна единица на Општина Аеродром за поттик на земјоделството и руралниот развој, токму во Долно Лисиче.

# НАСКОРО ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ЗА ПОТТИК НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, оствари работна средба со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа, во просториите на Министерството.

На средбата беа договорени конкретни чекори во форма на акциски план што ќе следуваат во наредниот период. Притоа беше презентирана работната верзија на стратегијата за рурален развој на Долно Лисиче како составен дел на Стратегиската платформа за локален економски развој на Општина Аеродром, кој опфаќа основање подрачна единица на ресорното министерство во Долно Лисиче. Во тој контекст ќе се иницира и поддршка на акциски групи (ЛАГ-ови) согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.

Министерот ја истакна желбата за заемна соработка и најави целосна посветеност за реализацијата на предложената стратегија за рурален развој на Долно Лисиче со преземање директни активности. Градоначалникот Марин се заблагодари за поддршката и посочи дека подрачната единица е од огромно значење за жителите на Горно и Долно Лисиче кои се занимаваат со овие дејности. Со оваа подрачна единица ќе се доближи ресорното министерство со цел подобрување на условите за работа на тамошното население.

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош ... 194
Пожар и елементарни непогоди ... 193
Центар за известување и тревожење ... 195
Полиција ... 192
ПС Аеродром ... 2432 362, 3142 408

### Градинки

Срничка ... 2455 512
Буба Мара ... 2434 530

### Основни училишта

Блаже Конески ... 2469 746
Браќа Миладиновци ... 2460 479
Ѓорѓија Пулевски ... 2455 510
Љубен Лапе ... 2450 220
Лазо Ангеловски ... 2430 324
Димитар Македонски ... 2440 011
Гоце Делчев ... 2438 288
Александар Македонски ... 6152 513

### Средни училишта

Владо Тасевски ... 2464 123
Димитар Влахов ... 2464 590
Марија Кири Склодовски ... 2452 189

### Библиотеки

Јане Сандански ... 2466 474
Кирил Пејчиновиќ ... 2450 449
Рајко Жинзифов ... 2443 450

### Урбани заедници

Бисер ... 075/316 526
Јане Сандански ... 075/316 527, 2451 050
Мичурин ... 075/316 522
Острово ... 075/316 510
Стар Аеродром ... 075/316 517, 2468 433
Ново Лисиче ... 078/371 764
Горно Лисиче Запад ... 075/316 523, 2438 891
Горно Лисиче Север ... 075/316 511, 2438 891
Горно Лисиче Југ ... 075/316 541, 2438 885
Населба Лисиче ... 075/316 520
МЗ Долно Лисиче ... 075/316 521, 2792 072

### Амбуланти

Јане Сандански ... 2463 277
Лисиче ... 2440 810
Пелагонија ... 2460 478

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа ... 2400 970
Пријавница ... 2401 511
Контакт со граѓани ... 2401 555
Локален економски развој ... 2401 542
Правна служба ... 2401 556
Човечки ресурси ... 2401 538
Урбанистички планови ... 2401 529
Осветлување ... 2401 533
Комунална инспекција ... 2401 521
Градежна инспекција ... 2401 521
Инспекција за домување ... 2401 521
Инспекција за животна средина ... 2401 521
Финансии ... 2401 513
Буџет ... 2401 536
Сметководство ... 2401 535
Даноци, такси и други приходи ... 2401 537
Данок на имот ... 2401 553
Јавни набавки ... 2401 548
Образование и култура ... 2401 517
ИТ ... 2401 530
Социјална заштита ... 2401 518
Архива урбанизам ... 2401 525
Совет на Општина Аеродром ... 2401 512
Инспекција ... 2401 522
Животна средина ... 2401 552
Урбанизам ... 2401 528
2401 529
2401 545
Комунално одделение ... 2401 532
2401 534
2401 540

### Јавно осветлување

ЕВН ... 3205 000
КОД инженеринг ... 2672 196

### Јавни претпријатија

ЈП „Водовод и канализација“ ... 3073 010
ЈП „Паркови и зеленило“ ... 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ ... 3216 644

Оџачарски услуги ... 2440 293
Кабаст отпад ... 0800 222 33

**ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА:**

**080052222**






APEX










PANDEV
10